# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за сточарство – Скопје ........................................................ 2

**О Д Л У К А**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Институт за сточарство – Скопје (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ) ..................... 7

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Колективниот договор за високото образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и член 60, став 1, точка 2 од Статутот на Институтот за сточарство во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019), Институтската управа, на својата седница одржана на 30.9.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за сточарство – Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за сточарство – Скопје, бр. 0202-719 од 6.12.2016 година и бр. 0202-504/1 од 19.10.2020 година, заради усогласување со Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021), (во понатамошниот текст: Колективен договор).

**Член 2**

Во воведниот дел (преамбулата) се бришат зборовите: „член 105 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ бр.145/14) и “.

Насловот на Одлуката се менува и гласи:

„ОДЛУКА за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за сточарство – Скопје“.

**Член 3**

Член 1 се менува и гласи: „Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Институт за сточарство – Скопје, се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените во работен однос на Институтот за сточарство во Скопје (во понатамошниот текст: Одлуката).“

**Член 4**

Во член 2, став 1, по зборовите „согласно со закон“, се додаваат зборовите: „колективен договор, актот за вработување“. Во останатиот дел, одредбата останува непроменета.

**Член 5**

Во член 3, став 2, зборот „став 2“ се заменува со зборот: „став 1“, зборот „му“ се заменува со зборот: „им“, по зборот „според“ се додаваат зборовите: „основната вредност на коефициентот и“, по зборот „работни места во“ се додава зборот: „Институтот“, зборот „утврден“ се заменува со зборот: „утврдени“, и по зборот „утврдени“ се додаваат зборовите: „со колективен договор и оваа Одлука“. Останатиот дел од ставот се брише.

**Член 6**

Член 4 се менува и гласи:

„На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки.

Институтот е должен да води евиденција на платите, надоместоците и додатоците на плата, на исплатените даноци и придонеси на плата. На вработениот му се издава писмена месечна и годишна пресметка за исплатената бруто плата, надоместоците и додатоците на плата.

Платата на вработениот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон, колективен договор, Правилникот и оваа Одлука.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност (најниска плата) ја утврдуваат и ја објавуваат Владата на РСМ и Синдикатот.“

**Член 7**

Член 5 се брише.

**Член 8**

Член 6, кој станува член 5, се менува и гласи:

„Платата на вработениот се состои од:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
   - основна бруто плата и
   - дел од плата за работен стаж
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
   - дел од плата за работна успешност и
   - додатоци и/надоместоци.“

**Член 9**

Пред член 7, во насловот по зборот: „Основна“ се додава зборот: „бруто“ плата.

Член 7, кој станува член 6, се менува и гласи:

„За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи утврдени во обем со прописите кои ја регулираат оваа материја и актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.“

**Член 10**

Член 8, кој станува член 7, се менува и гласи:

„Основната компонента на плата се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, согласно со Колективен договор за секое пополнето работно место, во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Институтот. Коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата која се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, започнувајќи со исплатата за месец септември 2021, односно септември 2022 година, се утврдува како што следува:

| **Назив на работно место/звање на наставен кадар** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Редовен професор/научен советник | А01 | 2,75 | 3,03 |
| Вонреден професор/виш научен соработник | А02 | 2,5 | 2,75 |
| Доцент/научен соработник | А03 | 2,32 | 2,55 |
| Асистент истражувач | В01 | 1,80 | 1,98 |
| Виш лаборант/виш стручен соработник | Г01 | 1,78 | 1,96 |

| **Назив на работно место на вработени во Стручна и административна служба** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Секретар на Институтот | А02 | 1,86 | 2,15 |
| Советник | В01 | 1,62 | 1,68 |
| Помлад соработник | В04 | 1,59 | 1,61 |
| Самостоен референт | Г01 | 1,13 | 1,18 |

| **Назив на работно место на вработени во помошно-технички персонал** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Помошно-технички лица за кои е потребен ССС | А01, Г03 | 1,05 | 1,10 |
| Помошно-технички лица со најнизок степен на образование – ОО | А01 | 1,00 | 1,05“ |

**Член 11**

По член 7 се додава наслов кој гласи: „Групи на сложеност“ и нов член 8, кој гласи:

„Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во следниве категории и нивоа на работни места:

**Наставен кадар**

**а) Категорија А – наставно-научни звања**

- ниво А01 – редовен професор/научен советник
- ниво А02 – вонреден професор/виш научен соработник
- ниво А03 – доцент/научен соработник

**б) Категорија В – соработнички звања**

- ниво В01 – асистент/асистент истражувач

**в) Категорија Г** – стручни соработници

- ниво Г01 – виш лаборант/виш стручен соработник

**Стручна и административна служба**

- А02 – секретар на Институтот
- В01 – советник
- В04 – помлад соработник
- Г01 – самостоен референт

- Помошно-технички лица за кои е потребен ССС (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар и друг помошно- технички кадар)
- Помошно-технички со потребен најнизок степен на образование ОО (хигиеничар, чувар, градинар и др. работници)

Доколку на работно место за кој е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според бодовите утврдени за работното место на кое е распореден.“

**Член 12**

Пред член 9, насловот се менува и гласи:

**„Мерила и критериуми за остварување на основна бруто плата“**

Член 9 се менува и гласи:

**„Полното работно време на работниците од редот на наставниот кадар се распоредува на:**

**а) Работни часови за вршење на наставни активности:**

- работни часови за вршење наставни активности на втор циклус студии, може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и сл.);
- подготовка за изведување наставни часови, консултации, континуирано оценување, завршни испити, индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.).

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи:

- научноистражувачка и применувачка дејност;
- научно и стручно усовршување;
- учествува во работата и управувањето на установата (Институтска управа, Научен колегиум, Совет на трет циклус студии и сл.), како и други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**б)** Полното работно време за научноистражувачки активности се распоредува на:

- работни часови за вршење научноистражувачка дејност;
- работни часови за научно и стручно усовршување;
- работни часови за наставни активности, што ги утврдува единицата до нивото од утврдени 40 часа работна недела;
- работни часови за учество во работата и управувањето на установата.

Нормативот за наставни активности, изразен во часови, го утврдува единицата во рамките на 40-часовна работна недела,

согласно со сопствените специфичности на наставниот и наставно-научниот процес.“

**Член 13**

Пред член 10, насловот се менува и гласи: „Научноистражувачка дејност“.
Во член 10, став 1, по зборот „работниците“ се додаваат зборовите: „од наставниот кадар“, а се бришат зборовите „со наставно-научни звања и на работниците со соработнички звања“.

**Член 14**

Пред член 11, насловот се менува и гласи: **„Научно и стручно усовршување“.**

Во став 1 од член 11, по зборот: „Под“ се додаваат зборовите: „научно и стручно усовршување“, а се бришат зборовите: „извршување на други работи“.

**Член 15**

Во став 1 од член 12, по зборот: „работникот“ се додаваат зборовите: „наставниот кадар“, а се бришат зборовите: „со наставно-научно и соработничко звање“.

**Член 16**

Во член 13, став 1, по зборот: „работниците“ се додаваат зборовите: „од наставниот кадар“, а се бришат зборовите: „со наставно-научно и соработничко звање“.

Во став 2 од член 13, по зборот: „работниците“ се додаваат зборовите: „од наставниот кадар“, а се бришат зборовите: „со наставно-научно и соработничко звање“.

Во став 3 од член 13, по зборот: „работникот“ се додаваат зборовите: „од наставниот кадар“, а се бришат зборовите: „со наставно-научно и соработничко звање“.

**Член 17**

Во член 14 се додаваат два нови става, став 1 и став 2, кои гласат:

„Работното време на вработените од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела.

По исклучок, работното време за вработените од редот на помошно-технички персонал може да се уреди со одлука на единицата и договорот за вработување.“

Ставот 1 станува став 3, по зборот: „служба“ се бришат зборовите: „и на другите вработени во центрите“.

**Член 18**

Во член 15, став 1, по зборот: „се“ се додаваат зборовите: „утврдува во зависност од следните критериуми“, а се бришат зборовите: „исплаќа во случаи на“.

**Член 19**

Во член 17, став 1 и став 2 се менуваат и гласат:

„Основната бруто плата на вработениот по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 %.“

**Член 20**

Член 19 се менува и гласи:
„За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на основната нето плата на следниве раководни функции:

- директор;
- заменик-директор;
- раководител на центар;
- раководител на лабораторија.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

По став 1 и став 2 се додаваат ставовите 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

За извршување на раководни функции од став 1 од овој член, за Институтот, од основниот буџет на Министерството за образование и наука, се обезбедени средства во вкупен износ од две основни бруто плати на редовен професор на месечно ниво, бидејќи Институтот не исплаќа повисока основна компонента на плата, од онаа утврдена во колективниот договор.

Утврдувањето на правото и висината на надоместокот од овој член се врши со општ акт на Институтот.

Функционалниот додаток на плата се исплаќа месечно, од започнувањето на

извршување на функцијата, па сè до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот се определува од страна на Институтската управа."

**Член 21**

Пред член 20, насловот се менува и гласи: „**Надоместок за прекувремена и ноќна работа и изложеност на ризик".**

Член 20 се менува и гласи:

„Вработениот има право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници и неработни денови, согласно со закон и колективен договор. Средствата за овие додатоци се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија."

**Член 22**

Пред член 21 се додава нов наслов кој гласи: „**Надоместок за службено патување".**

Член 21 се менува и гласи:

„Вработениот има право на надоместок за службено патување согласно со закон и колективен договор кој се исплаќа од сопствени средства на Институтот."

**Член 23**

Пред член 22, насловот се менува и гласи: „**Други надоместоци и примања".**

Член 22 се менува и гласи:

**„Други надоместоци и примања**

1) ***Вработените лица имаат право на надоместоци, и тоа:***

- надомест за одвоен живот од семејството;
- надомест во случај на смрт на вработениот или смрт на член на потесното семејство на вработениот и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- надомест во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- надомест за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

Институтот може да исплати од сопствени средства и поголема парична помош предвидена со закон и Колективен договор од надоместоците во став 1, алинеја 2 и алинеја 3 на овој член, врз основа на доставено барање за парична помош со придружна документација и донесена одлука на Институтската управа.

2) ***Надомест за годишен одмор (регрес)***

Вработениот има право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи за таа намена, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

3) ***Надомест за јубилејни награди***

Вработениот има право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективен договор за високо образование и наука, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи за таа намена."

**Член 24**

Во Прилог 1, зборот „Заводите" се заменува со зборот „Центрите".

**Член 25**

Сите одредби кои не се изменети со оваа Одлука остануваат во важност и се применуваат и понатаму.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д и р е к т о р**
**Проф. д-р Родне Настова, с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Институтската управа, на својата седница одржана на 30.9.2021 година, ја утврди следнава

**ОДЛУКА**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Институт за сточарство – Скопје**
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## 1. Општи одредби

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ Скопје – Институт за сточарство – Скопје, се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените во работен однос на Институтот за сточарство во Скопје (во понатамошниот текст: Одлуката).

**Член 2**

Вработените во Институтот имаат право на плата согласно со закон, колективен договор, актот за вработување, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Правилник на УКИМ) и со оваа Одлука.

Покрај плата, вработените во Институтот имаат право и на надомест на трошоци поврзани со работата и надомест за вршење дополнителна работа која не спаѓа во редовните работни задачи согласно со закон, колективен договор, Правилникот на УКИМ и со оваа Одлука.

**Член 3**

Платата на вработените за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа Одлука.

На вработените во случајот од став 1 на овој член им се исплатува плата во износ утврден од Министерството за образование и наука, според основната вредност на коефициентот и коефициентите на сложеност на работните места во Институтот, при што износот на платата за најнискиот степен на сложеност на работните места не може да биде понизок од износот утврден со колективен договор и оваа Одлука.

**Член 4**

На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки.

Институтот е должен да води евиденција на платите, надоместоците и додатоците на плата, на исплатените даноци и придонеси на плата. На вработениот му се издава писмена месечна и годишна пресметка за исплатената бруто плата, надоместоците и додатоците на плата.

Платата на вработениот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон, колективен договор, Правилникот и оваа Одлука.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност (најниска плата) ја утврдуваат и ја објавуваат Владата на РСМ и Синдикатот.

## II. ПЛАТА

**Член 5**

Платата на вработениот се состои од:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
   - основна бруто плата и
   - дел од плата за работен стаж.
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
   - дел од плата за работна успешност и додатоци и/надоместоци.

1. *Основна бруто плата*

**Член 6**

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи утврдени во обем со прописите кои ја регулираат оваа материја и актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.

**Член 7**

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, согласно со Колективен договор за секое пополнето работно место, во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Институтот.

Коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата која се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, започнувајќи со исплатата за месец септември 2021, односно септември 2022 година, се утврдува како што следува:

| **Назив на работно место/звање на наставен кадар** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Редовен професор/научен советник | А01 | 2,75 | 3,03 |
| Вонреден професор/виш научен соработник | А02 | 2,5 | 2,75 |
| Доцент/научен соработник | А03 | 2,32 | 2,55 |
| Асистент истражувач | В01 | 1,80 | 1,98 |
| Виш лаборант/виш стручен соработник | Г01 | 1,78 | 1,96 |

| **Назив на работно место на вработени во Стручната и административна служба** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Секретар на Институтот | А02 | 1,86 | 2,15 |
| Советник | В01 | 1,62 | 1,68 |
| Помлад соработник | В04 | 1,59 | 1,61 |
| Самостоен референт | Г01 | 1,13 | 1,18 |

| **Назив на работно место на вработени во помошно-технички персонал** | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9.2021 | Од 1.9.2022 |
| Помошно-технички лица за кои е потребен ССС | А01, Г03 | 1,05 | 1,10 |
| Помошно-технички лица со најнизок степен на образование – ОО | А01 | 1,00 | 1,05 |

*Групи на сложености*

**Член 8**

Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во следниве категории и нивоа на работни места:

**Наставен кадар**

**а) Категорија А – наставно-научни звања**

- ниво А01 – редовен професор/научен советник
- ниво А02 – вонреден професор/виш научен соработник
- ниво А03 – доцент/научен соработник.

**б) Категорија В – соработнички звања**
- ниво В01 – асистент/асистент истражувач.

**в) Категорија Г** – стручни соработници
- ниво Г01 – виш лаборант – виш стручен соработник
- ниво Г03 – лаборант – стручен соработник.

**Стручна и административна служба**
- ниво А02 – секретар на Институтот
- ниво В01 – советник
- ниво В04 – помлад соработник
- ниво Г01 – самостоен референт.

- Помошно-технички лица за кои е потребен ССС (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар и друг помошно технички кадар)
- Помошно-технички лица со потребен најнизок степен на образование ОО (хигиеничар, чувар, градинар и др. работници)

Доколку на работно место за кој е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според бодовите утврдени за работното место на кое е распореден.

***Мерила и критериуми за остварување на основна бруто плата***

**Член 9**

**Полното работно време на работниците од редот на наставниот кадар се распоредува на:**

**а) Работни часови за вршење на наставни активности**

- работни часови за вршење наставни активности на втор циклус студии, може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и сл.);
- подготовка за изведување наставни часови, консултации, континуирано оценување, завршни испити, индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.).

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи:

- научноистражувачка и применувачка дејност;
- научно и стручно усовршување;
- учествува во работата и управувањето на установата (Институтска управа, Научен колегиум, Совет на трет циклус студии и сл.), како и други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**б)** Полното работно време за научноистражувачки активности се распоредува на:

- работни часови за вршење научноистражувачка дејност;
- работни часови за научно и стручно усовршување;
- работни часови за наставни активности, што ги утврдува единицата до нивото од утврдени 40 часа работна недела;
- работни часови за учество во работата и управувањето на установата.

Нормативот за наставни активности, изразен во часови, го утврдува единицата во рамките на 40-часовната работна недела, согласно со сопствените специфичности на наставниот и наставно-научниот процес.

***Научноистражувачка дејност***

**Член 10**

Научноистражувачката работа на работниците од наставниот кадар опфаќа истражувања и активности кои се:

- придонес за развојот на научната

мисла и подигање на научното ниво во областа на сточарството, рибарството и пчеларството;
- подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука, Универзитетот и др.;
- презентација на постигнатите научни резултати во светот и кај нас;
- континуирано унапредување на научноистражувачката дејност;
- унапредување на домашната и меѓународната соработка во трансферот на знаења, истражувањето и обуката;
- унапредување на користењето на резултатите од истражувањата;
- транспарентност во истражувањата и во користењето на резултатите.

***Научно и стручно усовршување***

**Член 11**

Под научно и стручно усовршување се смета следново:
- постојано научно и стручно усовршување;
- издигнување на научен подмладок, односно подготвување на магистратура и докторат на соработниците;
- учество во работата на Научниот совет и неговите комисии, Институтската управа и во работата на организационите единици на Институтот, како и давање на апликативни услуги;
- други работи.

**Член 12**

Доколку работникот од наставниот кадар не ги исполнува критериумите од член 9 на оваа Одлука, за да оствари основна плата, извршува и други работи од член 23, точките 1, 2, 3 и 11 во обем за да ја оствари основната плата.

**Член 13**

Врз основа на мерилата и критериумите утврдени со оваа Одлука и распоредот на работите на работниците од наставниот кадар кој се утврдува од страна на Научниот совет, пред почетокот на годината, директорот на Институтот донесува решение за износот на бодови за исплата на плата.

На крајот на годината, работниците од наставниот кадар до директорот поднесуваат извештај за извршената работа аконтативно утврдена во став 1 на овој член.

Работникот од наставниот кадар има право на жалба против решението од ставовите 1 и 2 на овој член во рок од 15 дена од приемот, до Институтската управа.

Одлуката по жалбата е конечна.

***Стручна и административна служба***

**Член 14**

Работното време на вработените од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела.

По исклучок, работното време за вработените од редот на помошно-технички персонал може да се уреди со одлука на единицата и договорот за вработување.

Основната плата на вработените во Стручната и административна служба се утврдува за полно работно време и просечен учинок во вршењето на работните задачи утврдени со Правилникот за организација и систематизација на работните места во Институтот.

2. ***Дел од плата за работна успешност***

**Член 15**

Делот од плата за работна успешност се утврдува во зависност од следните критериуми:
- вонредно и натпросечно оптоварување на работникот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

***Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност***

**Член 16**

На работникот му се исплаќа дел од плата за работна успешност под услов:
- работните задачи од неговото работно место утврдени со Правилникот за организација и систематизација на работни места и да ги изврши во обем

поголем за 20% од обемот кој претставува просечен (нормален) учинок;
- да манифестира креативност и инвентивност во извршените работи;
- да даде посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на извршени работи.

**Член 17**

Основната бруто плата на вработениот по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 %.

**Член 18**

Работната успешност на вработените во центрите на Институтот ја следат раководителите на центрите.

За работната успешност на вработените во Стручната и административна служба, евиденција води секретарот или директорот на Институтот.

За работната успешност на вработените во центрите, евиденција води раководителот на центарот.

Лицата од став 2 и став 3 на овој член изготвуваат извештај на крајот на пресметковниот период за работниците кои оствариле работна успешност, врз основа на кој извештај директорот донесува решение за исплата на работна успешност.

Извештајот и решението се изготвуваат по завршувањето на месецот во кој се извршени работите.

***3. Додатоци***

***Функционален додаток на плата***

**Член 19**

За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на основната нето плата на следниве раководни функции:
- директор;
- заменик-директор;
- раководител на центар;
- раководител на лабораторија.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

За извршување на раководни функции од став 1 од овој член, за Институтот, од основниот буџет на Министерството за образование и наука, се обезбедени средства во вкупен износ од две основни бруто плати на редовен професор на месечно ниво, бидејќи Институтот не исплаќа повисока основна компонента на плата, од онаа утврдена во колективниот договор.

Утврдувањето на правото и висината на надоместокот од овој член се врши со општ акт на Институтот.

Функционалниот додаток на плата се исплаќа месечно, од започнувањето на извршување на функцијата, па сѐ до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот се определува од страна на Институтската управа.

***Надоместок за прекувремена и ноќна работа и изложеност на ризик***

**Член 20**

Вработениот има право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници и неработни денови, согласно со закон и колективен договор. Средствата за овие додатоци се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

***Надоместок за службено патување***

**Член 21**

Вработениот има право на надоместок за службено патување согласно со закон и колективен договор, кој се исплаќа од сопствените средства на Институтот.

**III. НАДОМЕСТОЦИ**

**1. Други надоместоци и примања**

**Член 22**

**Други надоместоци и примања**

*1)* ***Вработените лица имаат право на надоместоци, и тоа:***
- надомест за одвоен живот од семејството;

- надомест во случај на смрт на вработениот или смрт на член на потесното семејство на вработениот и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- надомест во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- надомест за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

Институтот може да исплати од сопствени средства и поголема парична помош предвидена со закон и Колективен договор од надоместоците во став 1, алинеја 2 и алинеја 3 на овој член, врз основа на доставено барање за парична помош со придружна документација и донесена одлука на Институтската управа.

*2) Надомест за годишен одмор (регрес)*

Вработениот има право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60% од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи за таа намена, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

*3) Надомест за јубилејни награди*

Вработениот има право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективен договор за високо образование и наука, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи за таа намена.

**3. Надоместоци за вршење на дополнителна работа надвор од работното време**

**3.1. *Наставно-научен и соработнички кадар***

**Член 23**

На вработените со наставно-научно и соработничко звање во Институтот им се исплатува посебен надоместок на плата за извршување на дополнителна работа во извршувањето на следниве работни задачи:

- извршување на работи за реализација на постдипломски студии (втор циклус студии);
- извршување на работи за реализација на постапка за стекнување научен степен – доктор на науки;
- извршување работи за реализација на трет циклус студии;
- учество во рецензентска комисија за избор во звање;
- активности во реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, работилници, перманентно образование и сл.;
- учество во работата на комисии, други работни стручни тела и работни групи и сл.;
- реализација на применувачката, односно апликативната високостручна дејност;
- настава надвор од Универзитетот.

Надоместокот за дополнителната работа од став 1 на овој член се утврдува според ценовник на Институтот кој го донесува Институтската управа.

**Член 24**

Раководителите на студиските програми водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и обемот на наставата. Извештајот се доставува до раководителот на центарот за високообразовна дејност, кој врши проверка за точноста на остварените часови дополнителна работа за соодветната студиска програма согласно со распоредот на часови.

**Член 25**

На наставно-научните работници кои изведуваат менторска настава за остварена дополнителна работа за секој студент, им се исплатува надоместок според ценовник на Институтот.

Раководителите на студиските програми водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и

обемот на наставата. Извештајот се доставува до раководителот на високообразовната дејност, кој врши проверка на остварени часови дополнителна работа за соодветната студиска програма согласно со распоредот на часови.

**Член 26**

На вработените наставно-научни работници во Институтот кои учествуваат во подготовка, оцена и одбрана на магистерски труд, како и на вработените кои учествуваат во работните тела и комисии за одбрана на докторска дисертација по основ на дополнителна работа, им се исплатува надоместок кон плата согласно со член 23 од оваа Одлука.

**Член 27**

На вработените во Институтот кои учествуваат во изработка на реферат за избор на наставник или соработник, како и на вработените кои учествуваат во рецензентска комисија и уредник на издание за дополнителна работа, им се исплаќа надомест кон плата согласно со член 23 од оваа Одлука.

### 3.2. *Учество во работата на комисии, работни групи и други стручни тела*

**Член 28**

На членови на комисии, работни групи и други тела, формирани од надлежен орган на Институтот за изготвување на нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали, за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, работилници и сл., за остварени часови прекувремена работа им се исплаќа додаток кон плата во зависност од обемот и сложеноста на работните задачи.

Членови на комисии, работни групи, тела и сл. можат да бидат наставно-научните кадри вработени во Институтот, како и вработените во Стручната и административна служба на Ректоратот, Институтот и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од органот што формирал комисија, работна група, тело и сл. при нивното формирање.

**Член 29**

Лицата експерти од својата област кои ќе извршат вештачење ќе изготват вешт наод и мислење по барање на судовите и други овластени субјекти исто така имаат право на додаток кон плата за остварена прекувремена работа.

### 2.3 *Изведување настава на други факултети и научни институции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*

**Член 30**

Изведувањето настава на други факултети и институции во состав на УКИМ се регулира со договори склучени помеѓу Институтот и единиците на Универзитетот.

Од приходот кој Институтот го стекнува по основ на став 1 од овој член се подмируваат трошоците настанати за изведување на наставата, набавка на научни помагала и плаќање додатоци на плата за прекувремена работа на извршителите доколку ја има. Остатокот од приходот оди во вкупниот приход на Институтот.

### 4. Стручна и административна служба

**Член 31**

На лицата вработени во Стручната и административна служба и во центрите им се исплаќа плата и додатоци од плата за вршење работни задачи за стручно, административно и техничко учество во извршувањето на работите од член 23 на оваа Одлука и за учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и за реализација на апликативна дејност, согласно со бројот на бодови на работното место.

Надомест на плата по основите од претходниот став се исплатува и на лицата кои вршат раководни функции во Институтот (директор и раководители на центри).

**Член 32**

За време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда,

работниците имаат право на надомест на плата од:

- 70 % за отсуство од работа до 7 дена;
- 80 % за отсуство од работа до 15 дена;
- 90 % за отсуство од работа до 21 ден, од просечно исплатената основна плата на работникот во претходните три месеци.

**Член 33**

Работниците во Институтот имаат право на надомест на трошоците поврзани со работата, и тоа за:

- хранарина и превоз, кои се пресметани во бруто плата;
- дневници за службени патувања во земјата;
- трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на Институтот во висина од 30 % од цената на литар гориво што го користи автомобилот, за секој изминат километар со патен налог;
- во други случаи утврдени со закон и со колективен договор.

Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнување до часот на враќање од службен пат, и тоа:

- цела дневница ако патувањето траело повеќе од 12 часа;
- половина дневница ако патувањето траело од 8 до 12 часа.

**IV. Надоместоци за изведување високообразовна и стручно-апликативна дејност од страна на лица кои не се вработени во Институтот**

**Член 34**

Во зависност од потребите на работниот процес во Институтот, директорот може да ангажира за вршење работни задачи наставник и негов соработник на кој им мирува работниот однос поради вршење на јавни функции за кои примаат плата од друго место, да ангажира наставник од друг универзитет, наставник во насловно звање, истакнат стручњак од практиката, како и пензиониран професор и соработник, за вршење хонорарни работи.

Хонорарот за наведените лица се утврдува согласно со утврдениот број на бодови за работното место за кое е ангажиран хонорарниот работник.

За вршење на хонорарна работа може да се ангажираат и лица кои учествуваат во изведувањето на високообразовна, научно-истражувачка, стручна и техничка работа, кои не се вработени во Институтот.

За исплата на хонорарната работа, извештај до директорот поднесуваат раководителите на центрите на Институтот.

**Член 35**

Надомест на хонорарна работа може да се исплаќа и на соработници студенти од трет циклус – докторски студии за учество во научноистражувачкиот и наставно-образовниот процес.

Надоместот на хонорарната работа се исплаќа врз основа на поднесен извештај од страна на соработниците, одобрен од предметниот наставник и раководителот на студиската програма.

**V. Средства за исплата на надоместоците**

**Член 36**

Надоместоците за плата, дополнителна и хонорарна работа се исплаќаат од остварениот вкупен приход на Институтот по сите основи.

Платите и надоместоците за дополнителната работа се бројот на остварени работни часови и вредноста на бодот за време на пресметковниот период, кои со решение ги утврдува директорот на Институтот.

Хонорарната работа се исплаќа врз основа на договор заклучен помеѓу ангажираниот хонорарен работник и Институтот, со кој е утврден хонорарот.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 37**

Исплатата на платите, додатоците кон плата и надоместоците кон плата ќе се врши во рамките на обезбедените средства на сметката на Институтот.

**Член 38**

За сè што не е уредено со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за

работните односи, колективниот договор за јавниот сектор, актите на УКИМ и други прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 39**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ – Скопје, Институт за сточарство – Скопје од 15.3.2012 год.

**Член 40**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д и р е к т о р**
**Проф. д-р Родне Настова, с.р.**

*Пречистениот текст опфаќа:*

- Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство – Скопје, број 0202-719 од 6.12.2016 година;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство – Скопје, број 02-504/2 од 19.10.2020 година;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство – Скопје, број 02-516/2 од 30.9.2021 година.

**Прилог 1**

1. ***Висина на основна плата на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места, на наставно-научниот и соработничкиот кадар се утврдува во следниов износ:

- редовен професор 3921 бод
- вонреден професор 3556 бода
- доцент 3300 бода
- виш лаборант 2460 бода
- лаборант/самостоен референт 1511 бода
- научен соработник 3300 бода
- виш научен соработник 3556 бода
- научен советник 3921 бод.

***Висина на основна плата на Стручната и административна служба и на другите вработени во центрите***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразени во бодови по работни места во Стручната и административна служба и за другите вработени во центрите се утврдува во следниов износ:

- секретар 2460 бода
- советник за човечки ресурси 2460 бода
- помлад соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење 2460 бода
- самостоен референт ликвидатор 1577 бода
- самостоен референт за благајна 1577 бода
- самостоен референт архивар 1577 бода
- хигиеничар (помошно-техничко лице) 1577 бода
- чувар (помошно-техничко лице) 1577 бода